Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката бр. 08-142/1 од 1.2.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација во областа на домувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 8.2.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-142/2
09. 02 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 1.2.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација во областа на домувањето.

Подносителката на претставката наведува дека истата ја поднесува поради тоа што смета дека е дискриминирана во однос на другите станари во врска со плаќање на месечен паушал во износ од 450 денари, за што единствено таа е дадена на извршител за неплатен долг од 12.707 денари. Појаснува дека во зградата има вкупно 76 станови од кои некои станари плаќаат 450 денари, некои 250 денари, а некои воопшто не плаќаат. Смета дека тоа зависи од личната волја на претседателот на заедницата на сопственици [redacted]. Исто така наведува дека од претседателот побарала документи за тоа кој станар колкав паушал плаќа, меѓутоа истите не и биле доставени. Понатаму се обратила до Општина Карпош кај овластен инспектор за домување за да утврди дали постои одлука за плаќање 450 денари, да се утврди по име и презиме кој колку плаќа и да се утврдат трошоците по сметка – фактура. Инспекторот ја известил дека претседателот е опоменат. Конечно, се обратила и до Управата за јавни приходи од каде ја известиле дека не се во можност да и достават записник затоа што податоците утврдени во надворешната контрола претставуваат даночна тајна. Потенцира дека од 76 станови во зградата, само таа и уште една сосетка се дадени на извршител за присилна наплата од пензија, иако има и други станари кои или воопшто не плаќаат паушал, или плаќаат 250 денари.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***

Членот 5 од истиот Закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна*

*состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни злоупотреби од страна на претседателот на заедницата на сопственици при вршење на неговата работа.

8.2.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]